Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука
Сектор за високо образование

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Arsimit dhe Shkencës
Sektori i arsimit të lartë

...КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: | 18 -06- 2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 1027/2 | | |

Бр. УП1 14-631

Датум 22 -05- 2019

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), врз основа на член 145 став 6 и член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

за почеток со работа на студиската програма од втор циклус магистерски студии по Интеркултурни студии на Филозофскиот факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" од Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на магистерски студии по Интеркултурни студии на Филозофскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" од Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Филозофскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се обрати со барање бр. 08-1056/1 од 21.03.2019 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-631 од 22.03.2019 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на магистерски студии по Интеркултурни студии на Филозофскиот факултет, единица во состав, по добиената акредитација под Решение бр. 1409-213/4 од 15.03.2019 година, издадена од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-631 од 01.04.2019 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус студии по Интеркултурни студии.

Комисијата на ден 15.04.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-631 од 15.05.2019 година, каде е наведено дека за студиската програма од втор циклус на магистерски студии по Интеркултурни студии на Филозофскиот факултет во Скопје, единица во состав на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" од Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР/MINISTËR,
Dr. Arbër Ademi

изработил: Нухи Ајдини
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: Dr.Agim Rushiti



Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi " nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk